**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПРОФЕСОР ЗА ПРЕДМЕТИТЕ** ’’ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ЈАВНИ ФИНАНСИИ’’,’’РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА’’,’’РЕГИОНАЛНА СИРОМАШТИЈА И ПРОГРАМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА’’,’’ПРЕТПРИЕМНИШТВО И РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС’’,’’ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ’’,’’МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ЕКОНОМИЈА НА ГЛОБАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ’’,’’ЕКОНОМИЈА НА ЕУ’’ **НА ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука од 20.05.2011 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на професор за наставно-научна област меѓународна економија на ВСШ „Факултет за бизнис економија“.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Време“, на 21/04/2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот, д-р Антонија Јосифовска за следните предмети: ’’ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ЈАВНИ ФИНАНСИИ’’, ’’РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА’’, ’’РЕГИОНАЛНА СИРОМАШТИЈА И ПРОГРАМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА’’, ’’ПРЕТПРИЕМНИШТВО И РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС’’, ’’ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ’’,’’МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ЕКОНОМИЈА НА ГЛОБАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ’’,’’ЕКОНОМИЈА НА ЕУ’’

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на ВСШ’’Факултет за бизнис економија’’да му го поднесеме следниот извештај

## 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Антонија Јосифовска е родена во Штип на 4. III. 1955 година. Основно и средно образование завршила во Скопје. Потоа студирала на економскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во 1978 година, по што се запишала на постдипломски студии на истиот Факултет, отсек макроекономска политика и развој. Во 1986 година магистрирала на Економскиот факултет во Скопје со одбрана на трудот : “Заедничките вложувања како извор на дополнителна акумулација во стопанството на

СР Македонија". Во 1993 година ја одбранила докторската дисертација на Економскиот факултет во Прилеп под следниов наслов : "Меѓународното движење на капиталот и трансфер на технологија во Република Македонија".
На 1. IX. 1979 година кандидатката беше избрана за помлад асистент ; во 1986 година за асистент, во 1994 година за научен соработник, а во 1999 година за виш научен соработник во Економскиот институт во Скопје.

Од основањето на ФБЕ во 2006 година до денес кандидатот е во постојан работен однос на истиот.

## 2. Научна и стручна работа

Во текот на својата работа во Институтот кандидатката учествувала во научни и стручни истражувања, самостојно и со други соработници ; до нејзиниот последен реизбор, изработила 40 самостојни трудови и партиципирала во 35 колективни истражувачки проекти (Билтен бр. 616 од 22. IV. 1994 година и Билтен бр. 729 од 4. IV.1999 година) .

Од 1999 година има учествувано на следниве проекти и студии :

1. Група автори : *Некои аспекти од развојот на македонската економија во услови на транзиција, Меѓународната конкуренција и трансферот на технологија во Република Македонија*, Економски институт, Скопје 1999 г.
2. Главен раководител на републичкиот проект : *Светските пазари и извозните можности на македонското стопанство,* Економски институт, Скопје 2000 г.
3. Tempus- Phare Jep 13569-98: "Curricula Development of International Management within SME". 1998-2002, host professor
4. Phare – ACE, P 97-8089-R: "Barriers to Small Business Development in Slovenia, BIH and Macedonia", 1999-2000.
5. Project: "Economic Transformation of Rural Areas and the Role of Microfinance Institutions: Comparative analysis in Bulgaria, Albania and Macedonia", 1999-2001, financing of RSS of Open Society Support Foundation, No. 2022-1184-1999, member of the research group.
6. Phare ACE Programme : "The Role of Microfinance Institutions in the Development of Sustainable Rural Finance within Balkans", 1999-2001, partner, P 97-8236-R.
7. Учество во проектот од Министерството за развој : *Стратегија Република Македонија за вклучување во европските интеграциони процеси* (во делот за економските односи со странство), Странските дирекни инвестиции и трансферот на технологија.
8. Phare Credo: *Crosborder Co-operation between Kriva Palanka (Macedonia) and Kustendil (Bulgaria) for Tourism Development*, 1999-2000, истражувач
9. Проект : *Social Policy in Macedonia,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2000.
10. Проект : *Студија на економскиот развој на струмичкиот регион,* Економски институт и Светска банка, (во делот за индустријата), Скопје, 2001

11. Phare Project – Feasibility Study for Doshnica region, participant, 2001
12. Со Наталија Николовска : Македонската транзициона стратегија во дефект – од унитерална во билатерална држава, Фондација на Фридрих Еберт, 2001, Скопје

Проекти кои се во тек:

1. Макроекономски аспекти на интегрирањето на македонското стопанство во регионалните и меѓународни интеграции, Министерство за образование и наука.
2. Политика за технолошкиот развој на Република Македонија, ГТЗ и Министерство за економија
3. Економска инвентеризација и ревитализација на браните и системите за наводнување во Република Македонија, Фонд за води

Учество на симпозиуми, конференции и научни собири :

- NATO Economic Colloquium 1999, Economic Developments and Reforms in cooperation Partner Countries, 3-5 November 1999 Brussels, so refer at: "*What Should Be Done for the Balkan Region Economics to Be Stabile".,*
- Научен собир, учество со реферат : *Преминот кон евровалутата економско значење и последици за Македонија,* тркалезна маса: *Евровалутата и стопанството на Република Македонија,* Економски институт, 5.5.1999 г. Скопје.,
- Услови за странски директни инвестиции, "Економски развој", Економски институт, Скопје, бр. 1/1999.,
- Конференција : Matching Expertise for SEE, Охрид, 6-8.10.2000, реферат : Quo voids Pact of Stability?
- Симпозиум : Ten Years After : Democratization and Security Challenges in SEE, Охрид, 2-3.11.2000, реферат : Economic Integration of SEE Countries and Pact of Stability
- Симпозиум : Современите процеси на економскиот развој во земјите од Југоисточна Европа, Прилеп, 6-7.12.2000, реферат : *Проблеми и можности на Пактот за стабилност*
- Конференција : Micro Finance in Agrarian Sector in Transition Countries, Borovec, Бугарија, 5-8. 5. 2000
- Работна средба : Barriers to Small Business Development in Slovenia, Macedonian and BIH, Ljubljana, 13-14.5.2000.,
- *Foreign Direct Investment in Republic of Macedonia,* 2000 Taiwan – Macedonia forum : Development of Economic Cooperation between Taiwan and Macedonia, May 25.2000 Taipei.

Раководител на поздипломските студии : *Меѓународна економија,* Економски институт.
На Правниот факултет предавања и испити по предметот применета економика, 1990-2000 година.
Директор на две летни школи : Industrial relation кои се организираа со универзитетот од Каљари, Италија, Сорос фондација и фондацијата Фридрих Ебертг во Охрид од 12. 6. до 2. 7. 2000 г. и 10. 6. до 2. 7 2001 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“, како и од покажаните резултати во наставно-образовната, научноистражувачката дејност и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на кандидатот проф.д-р Антонија Јосифовска.

Согласно Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, кандидатот д-р Антонија Јосифовска ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ +САОР):

– наставно-образовна (НО) = 50;
– научноистражувачка (НИ) =70;
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 30;
– вкупна актива (НО+НИ +САОР): = 150 поени.

Според Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ„Факултет за бизнис економија“, кандидатот д-р Антонија Јосифовска ги исполнува критериумите за избор во наставно звање професор во областа ’’ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ЈАВНИ ФИНАНСИИ’’, ’’РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА’’, ’’РЕГИОНАЛНА СИРОМАШТИЈА И ПРОГРАМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА’’, ’’ПРЕТПРИЕМНИШТВО И РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС’’, ’’ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ’’,’’МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА’’,’’ЕКОНОМИЈА НА ГЛОБАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ’’ и ’’ЕКОНОМИЈА НА ЕУ’’

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Стојанова– претседател, с.р.

Проф. д-р Благоја Наневски – член, с.р.

Проф. д-р Агис Шајноски – член, с.р.